ВЕКТОР 90
WWW.VEKTOR90.COM.MK
дпги "ВЕКТОР 90" Томе дооел
2400 Струмица; ул. "Ленинова" бр. 12; тел./факс 034 - 331-210;
e-mail: info@vektor90.com.mk

# УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

| | |
|---|---|
| НАСЛОВ НА ПРОЕКТОТ | **Урбанистички проект за архитектонско-урбанистичка разработка на градежна парцела со намена В2.3 - Установа од секундарната здравствена заштита на КП1510 и КП1511, КО Струмица во Струмица** |
| НАРАЧАТЕЛ | **ЈЗУ Општа болница- Струмица** |
| МЕСТО | **КО Струмица, општина Струмица** |
| ПРОЕКТЕН ОПФАТ | **КП 1510 и КП1511, КО Струмица, општина Струмица** |
| ТЕХ. БР. | **010-1802/2026** |
| МЕСТО И ДАТУМ | **Струмица, Март, 2026** |

# С О Д Р Ж И Н А


- **Општ дел**
  Документ за регистрирана дејност
  Лиценца за изработување на урбанистички планови
  Решение за одговорен планер
  Овластување за изработување на урбанистички планови
  Проектна програма
  Податоци од надлежни органи на државната управа и комунални претпријатија

- **Урбанистички проект**

**ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ**

1. Вовед
2. Инвентаризација на снимениот изграден градежен фонд, вкупната физичка супраструктура и инфраструктура во рамки на проектниот опфат.
3. Опис и образложение на проектниот концепт
4. Опис и образложение на планските решенија за изградба
5. Детални услови за проектирање и градење
6. Мерки за заштита

6.1. Заштита на животна средина
6.2. Мерки за заштита и спасување
6.2.1. Заштита од природни и технолошки хаварии
6.2.2. Мерки за заштита од урнатини
6.2.3. Мерки за заштита од пожар
6.2.4. Мерки за заштита од поплави
6.3. Заштита на културно наследство
7. Нумерички показатели

**ГРАФИЧКИ ДЕЛ**

-Извод од план
1.Ажурирана геодетска подлога со граници на проектен опфат **М = 1 : 1000**
2. Инвентаризација на изградениот градежен фонд и вкупната физичка супраструктура **М = 1 : 1000**
3. Инвентаризација на изградената комунална инфрастукрура **М = 1 : 1000**
4. Регулационен план и план на површините за градење **М = 1 : 1000**
5. Урбанистичко решение за проектниот опфат **М = 1 : 1000**

**ИДЕЕН ПРОЕКТ**

# ОПШТ ДЕЛ

Број: 0809-50/150820260000075

Датум и време: 12.1.2026 г. 13:53

# ПОТВРДА

## за регистрирана дејност

| ТЕКОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ | |
|---|---|
| **ЕМБС:** | 4826728 |
| **Назив:** | Друштво за проектирање, градежништво, инженеринг и други деловни активности ВЕКТОР 90 Томе ДООЕЛ Струмица |
| **Седиште:** | ЛЕНИНОВА бр.12 СТРУМИЦА, СТРУМИЦА |

| ПОДАТОЦИ ЗА РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ | |
|---|---|
| **Предмет на работење:** | Регистрирана е општа клаузула за бизнис |
| **Приоритетна дејност/ главна приходна шифра:** | 71.110 - Архитектонски дејности |
| **Други дејности во внатрешниот промет:** | Нема |
| **Евидентирани дејности во надворешниот промет:** | Има |
| **Одобренија, дозволи, лиценци, согласности:** | |

**Правна поука:** Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

**Изготвил:**

Мите Митевски

**Овластено лице:**

Илија Патриков

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ - РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА СТРУМИЦА

Број: 0805-50/150820260000074

Датум и време: 12.1.2026 г. 13:51

# ТЕКОВНА СОСТОЈБА

| ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ | |
|---|---|
| ЕМБС: | 4826728 |
| Целосен назив: | Друштво за проектирање, градежништво, инженеринг и други деловни активности ВЕКТОР 90 Томе ДООЕЛ Струмица |
| Седиште: | ЛЕНИНОВА бр.12 СТРУМИЦА, СТРУМИЦА |
| Вид на субјект на упис: | ДООЕЛ |
| Датум на основање: | 4.4.1994 г. |
| Деловен статус: | Активен |
| *Вид на сопственост: | Приватна |
| ЕДБ: | 4027994111345 |
| Големина на субјектот: | мал |
| Организационен облик: | 05.4 - друштво со ограничена одговорност основано од едно лице |
| Надлежен регистар: | Трговски Регистар |

| ОСНОВНА ГЛАВНИНА | |
|---|---|
| Паричен влог MKD: | 0,00 |
| Непаричен влог MKD: | 1.238.100,00 |
| Уплатен дел MKD: | 1.238.100,00 |
| Вкупно основна главнина MKD: | 1.238.100,00 |

## СОПСТВЕНИЦИ

| | |
|---|---|
| ЕМБГ/ЕМБС: | 2509958460020 |
| Име и презиме/Назив: | ТОМЕ ТИМОВ |
| Адреса: | РИСТО ЌУРЧИЕВ бр.10/12 СТРУМИЦА, СТРУМИЦА |
| Тип на сопственик: | Основач/сопственик |
| Паричен влог MKD: | 0,00 |
| Непаричен влог MKD: | 1.238.100,00 |
| Уплатен дел MKD: | 1.238.100,00 |

| | |
|---|---|
| Вкупен влог MKD: | 1.238.100,00 |
| Вид на одговорност: | Не одговара |

| ДЕЈНОСТИ | |
|---|---|
| Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра: | 71.110 - Архитектонски дејности |
| ОПШТА КЛАУЗУЛА ЗА БИЗНИС | |
| Евидентирани се дејности во надворешниот промет | |
| Други дејности: | . |
| Одобренија, потврди, лиценци и др: | |

## ОВЛАСТУВАЊА

### Овластени лица

| | |
|---|---|
| ЕМБГ: | 2509958460020 |
| Име и презиме: | ТОМЕ ТИМОВ |
| Адреса: | РИСТО ЌУРЧИЕВ бр.10/12 СТРУМИЦА, СТРУМИЦА |
| Овластувања: | Управител на друштвото со неограничени овластувања при застапувањето во внатрашниот и надворешниот трговски промет |
| Овластено лице: | Овластено лице |

| ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| Дополнителни информации: | Со Барање бр.48-10473/3 од 29.08.2016 год од Министерство за транспорт и врски Скопје Ве известуваме дека Решението бр.61-3611 од 13.05.2013 година за одземање на лиценца Ц за вршење на надзор над изведување на градби од трета категорија Н.025/Ц од 26.03.2009 година на правното лице Друштво за проектирање .градежништво, инженеринг и други деловни активности ВЕКТОР 90 Томе ДООЕЛ Струмица со ЕМБС:4826728 и седиште на Ул„Ленинова„ бр. 12 Струмица, донесено од страна на Министерството за транспорт и врски е правосилно на ден 25.12.2014 година.Рокот од една година од денот на правосилноста на решението за одземање на лиценцата во однос на правните последици е поминат. |
| КОНТАКТ | |
| E-mail: | info@vektor90.com.mk |

**Напомена:**
Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија

**Правна поука:** Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

**Изготвил:**
Мите Митевски

**Овластено лице:**
Илија Патриков

**Република Северна Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**
**СКОПЈЕ**

Врз основа на член 16 став (2) од Законот за просторно и урбанистичко планирање, Министерството за транспорт и врски издава

# ЛИЦЕНЦА

## ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

**на**

**Друштво за проектирање, градежништво, инженеринг и други деловни активности**
**ВЕКТОР 90 Томе ДООЕЛ Струмица**
**ул. ЛЕНИНОВА бр. 12 СТРУМИЦА, СТРУМИЦА**
**ЕМБС: 4826728**

(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

СО ДОБИВАЊЕ НА ОВАА ЛИЦЕНЦА ПРАВНОТО ЛИЦЕ СЕ СТЕКНУВА СО ПРАВО ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТАЦИИ, УРБАНИСТИЧКО-ПРОЕКТНИ ДОКУМЕНТАЦИИ И РЕГУЛАЦИСКИ ПЛАН НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

**ЛИЦЕНЦАТА Е СО ВАЖНОСТ ДО: 17.09.2026 година**

**Број: 0033**
**17.09.2019 година**
(ден, месец и година на издавање)

**МИНИСТЕР**

**Горан Сугарески**

## ДПГИ "ВЕКТОР 90" Томе дооел - Струмица

Врз основа на одредбите од Законот за урбанистичко планирање
(Сл.весник на РМ бр. 32/2020) го донесува следното

# РЕШЕНИЕ

За одредување на одговорен планер за изработка на **Урбанистички проект за архитектонско- урбанистичка разработка на градежна парцела со намена В2.3 - Установа од секундарната здравствена заштита на КП1510 и КП1511, КО Струмица во Струмица**

**-За одговорен планер се одредува лицето Васил Тимов д.и.а (Овластување бр.0.0582)**

Март, 2026
Струмица

Управител,
Томе Тимов д.и.а.

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 67, став (10) од Законот за урбанистичко планирање,
(„Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32 од 10 февруари 2020 г.)
Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

---

# ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

---

## ВАСИЛ ТИМОВ

дипломиран инженер архитект (NQF VII/1)

Овластувањето се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека лицето носител на овластувањето ги исполнува условите пропишани во овој закон и во статутот на комората

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Број: **0.0582**

Издадено на: 30.01.2023 год.

М-р Кристинка Радевски
дипл. инж. арх.

# ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

**ПРОЕКТНА ПРОГРАМА**

**Урбанистички проект за архитектонско- урбанистичка разработка на градежна парцела со намена В2.3 - Установа од секундарната здравствена заштита на КП1510 и КП1511, КО Струмица во Струмица**

**ВОВЕД**

**Урбанистички проект за архитектонско- урбанистичка разработка на градежна парцела со намена В2.3 - Установа од секундарната здравствена заштита на КП1510 и КП1511, КО Струмица во Струмица** се изработува врз основа на просторните можности на локацијата, постојната состојба, Ажурираната геодетска подлога, Проектната програма, Одредбите кои произлегуваат од изводот од ЛУПД за предметната парцела , како и потребите на Нарачателот.

Изготвувањето на проектната докуменатција се врши во согласност со член 58 став (2) точка 3, од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 32/2020, 111/23, 171/24, 224/24 , 40/25, 101/25 и 127/25) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 225/20, 219/21, 104/2 , 99/23, 7/25, 143/25 ,241/25 и 30/26).

**ПРОЕКТЕН ОПФАТ**

Границите на Проектниот опфат се дефинирани со надворешните граници на катастарската парцела КП1510, КО Струмица.

Во внатрешноста на опфатот на КП 1511 одделена е посебна градежна парцела за трафостаница 10/04КВа - во сопственост на ЕВН Скопје АД Македонија.

Вкупната површина на проектниот опфат изнесува 20288.07 m2.

На североисток, северозапад и југозапад границите на проектниот опфат се поклопуваат со регулационата линија од постоечките улици, додека на останатите страни опфатот граничи со парцели со намена домување во станбени куќи.

**АНАЛИЗА НА ПОСТОЕЧКАТА СОСТОЈБА**

Анализата е извршена за потребите на Проектната програма и е од информативен карактер, додека подетална анализа е предмет на работа на проектната документација.

Од увидот во постоечката состојба на теренот и техничката документација може да се заклучи:

Градежната парцела е составена од две катастарски парцели КП1510 и КП1511, КО Струмица, од кои КП1510 е во државна сопственост, а КП1511 е во сопственост на ЕВН Скопје АД Македонија.

Во рамки на проектниот опфат постојат изградени објекти со намена В2-Болници, Е1.8-трансформаторски станици и топлотни подстаници и поставени темели за верски објект.

Изградени се интерни сообраќајници низ комплексот, но со несоодветна ширина и без решение за стационарниот сообраќај низ парцелата.

Вкупната површина на проектниот опфат изнесува 20288.07 м$^2$.

На североисток, северозапад и југозапад границите на проектниот опфат се поклопуваат со регулационата линија од постоечките улици, додека на останатите страни опфатот граничи со парцели со намена домување во станбени куќи.

Имајќи го во предвид степенот на изграденост на парцелата како и нејзината уреденост, се наметнува потребата од решавање на сообраќајот во рамки на парцелата и проблемот со паркирање како на вработените, така и на посетителите на Болницата.

Исто така според Барањата на Нарачателот, постои потреба од планирање катна гаража и верски објект во рамки на парцелата за кој постои изготвен идеен проект како и изградени темели –означени во геодетската подлога.

Пристап до проектниот опфат е обезбеден од постоечките улици на североисточната и југозападната граница на опфатот.

**ПОСТОЕЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

Во прилог на Урбанистичкиот Проект доставен е:

Извод од ЛУПД за КП 1510 општина Струмица, усвоен со Решение бр 16-334 од 27.07.2010 год., за градежната парцела се предвидени следните Архитектонско - урбанистички параметри за изградба:

Основна класа на намена: В2-Болница
Површина на парцела: 20882 m2
Површина за градење: 6627 m2
Вкупна површина за градење: 15520m2
Процент на изграденост 32%
Коефициент на искористеност 0,74

Максимална висина до венец: 12.0m- Висина која е одредена само за ново планираните градби во комплексот и катност П+2. Останатите градби во комплексот се задржани со информативна линија.

Паркирање-предвидени се 102 паркинг места.

**ЦЕЛИ**

Цел на Урбанистичкиот проект е:

- Разработка на предметната градежна парцела со решавање на интерниот сообраќај и проблемот со паркирање
- Да ја дефинира површината за изградба на нови градби според проектната Програма на Инвеститорот.
- Да ги дефинира останатите архитектонско урбанистички параметри за градење во рамки на парцелата.

**НАМЕНИ**

**Класа на намена:** В2.3 - Установа од секундарната здравствена заштита.
Со проектната документација дефинираната класа на намени со ЛУПД се потврдува.

**ИНФРАСТРУКТУРА**

Сообраќаен пристап да се планира од постоечките улици на североисточната и југозападната граница на опфатот.

Да се прибават сите потебни податоци и мислења од надлежните Институции и комунални претпријатија, и истите да се вградат во проектот Да се предвидат приклучоци на инфраструктурна мрежа на планираната градежна парцела.

**МЕТОДОЛОГИЈА**

Основа за изработка на УП ќе бидат Условите за градење од ЛУПД за КП1510, општина Струмица и оваа Проектна програма. Проектот да се изработи врз основа на методологијата, која произлегува од одредбите утврдени со Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 32/2020, 111/23, 171/24, 224/24 , 40/25, 101/25 и 127/25) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 225/20, 219/21 и 104/22 , 99/23 и 7/25 )

Нарачател:

# Б. ГРАФИЧКИ ДЕЛ

ОПШТИНА СТРУМИЦА
Бр. 20-702/2
од 23.03.2026год.

Сектор за урбанизам,комунални работи и градежно земјиште
С Т Р У М И Ц А

**ИЗВОД ОД ЛУПД ЗА КП.бр.1510 КО СТРУМИЦА ГРАД СТРУМИЦА**

| | |
|---|---|
| РЕШЕНИЕ БР. ~~ОДЛУКА~~ БР. | 16-334 од 27.07.2010 год. ~~07 - 4826/1 од 18.07.2006год.~~ |
| БАРАЊЕ БР: | 20-702/1 од 04.03.2026год. |
| ПО БАРАЊЕ НА: | Вектор 90 Томе ДООЕЛ Струмица |
| НАМЕНА: | В2 - ЗДРАВСТВО |
| ЗОНА: | ЦЕНТРАЛНО ПОДРАЧЈЕ |

**КО: СТРУМИЦА** **КП бр. 1510**

М=1:2500

ОПШТИ УРБАНИСТИЧКО-АРХИТЕКТОНСКИ ПОДАТОЦИ

| | |
|---|---|
| Намена на градбата | В2 - ЗДРАВСТВО |
| Макс. Дозволена површина за градба | |
| Површина на парцела | |
| Мак. Висина до венец | |
| Катност | |
| Сообраќајни услови | |
| Други услови | |

Изготвил,
Иван Младенов
Прегледал,
Одобрил,
Нада Михајлова

**Г Р А Д О Н А Ч А Л Н И К**
**ОПШТИНА СТРУМИЦА**
**Петар Јанков**

Графички приказ
на ГП бр.



К.О. СТРУМИЦА

# ТЕРЕНСКА СКИЦА НА ПРЕМЕРУВАЊЕ

Ажурирана геодетска подлога




Место и датум:
25.02.2026 год. Струмица

Изготвил:
геод.инж. Ѓорги Шарламанов
М.П. (име, презиме и потпис)

**ЛЕГЕНДА :**

- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ
- ГРАНИЦИ НА КАТАСТАРСКИ ПАРЦЕЛИ
- СИТУАЦИЈА НА ЛИЦЕ МЕСТО
- УЛИЦИ
- НЕКАТЕГОРИЗИРАНИ ПАТИШТА
- ТЕЛЕФОНСКИ СТОЛБ ДРВЕН
- ТЕЛЕФОНСКИ СТОЛБ БЕТОНСКИ
- ТРАНСФОРМАТОР
- ДАЛЕКУВОД НИСОК НАПОН ДРВЕН
- ДАЛЕКУВОД НИСОК НАПОН БЕТОНСКИ
- ДИРЕК ЗА ОСВЕТЛУВАЊЕ
- ДРВЕНА БАНДЕРА СО СИЈАЛИЦА
- РЕВИЗИОНО ОКНО ЧЕТВОРОАГОЛНО
- РЕВИЗИОНО ОКНО КРУЖНО
- СЛИВНИК
- НАДЗЕМЕН ХИДРАНТ БЕЗ ЗАТВАРАЧ
- ВОДОВОДНО ОКНО ЧЕТВРТАСТО
- ВОДОВОДНО ОКНО КРУЖНО
- ЖИЧАНА ОГРАДА
- ЖЕЛЕЗНА ОГРАДА
- БЕТОНСКИ ЗИД
- ПОТПОРЕН ЗИД
- ЖЕЛЕЗНА ОГРАДА НА ЗИД
- ЖИЧАНА ОГРАДА НА ЗИД
- ИНДИВИДУАЛНА ЗГРАДА
- ЗГРАДИ НА ОПШТЕСТВЕНИ ОРГАНИЗАЦИИ
- ДЕЛОВНА ЗГРАДА ДУЌАН
- ПОМОШНА ЗГРАДА
- КОТЛАРНИЦА
- ПАРК

ВЕКТОР 90
WWW. VEKTOR90.COM.MK

Планер:
ДПГИ **"ВЕКТОР 90"** Томе ДООЕЛ
Струмица ул."Ленинова" бр. 12 Тел/факс (034) 331 210 mail:info@vektor90.com.mk

| | |
|---|---|
| НАСЛОВ НА ПЛАНОТ: | **Урбанистички проект за архитектонско- урбанистичка разработка на градежна парцела со намена В2.3 - Установа од секундарната здравствена заштита на КП1510 и КП1511, КО Струмица во Струмица** |
| НАРАЧАТЕЛ: | **ЈЗУ Општа болница- Струмица** |
| МЕСТО: | **КО Струмица, општина Струмица** |

ПОДРАЧЈЕ НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ:
**КП 1510 и КП1511, КО Струмица, општина Струмица**

СОДРЖИНА НА ЦРТЕЖ:
**АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО ГРАНИЦИ НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ**

Вектор 90 - Томе дооел
лиценца за изработка на урбанистички планови бр. 0033
ОВЛАСТЕН ПЛАНЕР:
**ВАСИЛ ТИМОВ д.и.а.**
Овластување бр. 0.0582

| СОРАБОТНИК: | Верица Христова м.и.а. | ТЕХ. БРОЈ: | РАЗМЕР: | Лист бр. |
|---|---|---|---|---|
| МЕСТО И ДАТУМ: | Струмица; Март, 2026 | **010-1802/2026** | 1:1000 | 1 |

**ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ ОД НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА И КОМУНАЛНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА**

На барање на изготвувачот на планската документација, добиени се податоци и информации од надлежните комунални претпријатија и државни институции, кои се приложени како составен дел на Документационата основа.

**Список на добиени информации и податоци**

1. ЕВН Македонија-Скопје со бр. 10-55/5-88 од 10.03.2026
2. Македонски телеком АД Скопје со бр.78133 од 19.02.2026
3. Министерство за култура со бр. 17-912/2 од 16.03.2026
4. АЕК- Скопје со бр. 1404-709/2 од 25.03.2026

EVN Group

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
**Бр. 10-55/5-88 од 10.03.2026**
Скопје

Одговорно лице: Цветомир Јованоски

Контакт телефон: 072/ 932-596

**Предмет: Издавање на податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје**

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис, со кој барате да Ви издадеме податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје за изработка на **Урбанистички проект за архитектонско-урбанистичка разработка на градежна парцела со намена В2-Болница на КП 1510 КО Струмица во Струмица,** Ве известуваме дека во согласност со податоците од службената евиденција, располагаме со следните податоци

☐ 110(35)kV Трафостаница
☐ 110kV Подземна мрежа
☐ 110kV Надземна мрежа
☐ 35kV Подземна мрежа
☐ 35kV Надземна мрежа

☒ 10(20)/0.4kV Трафостаница
☒ 10(20)kV Подземна мрежа
☐ 10(20)kV Надземна мрежа

☒ 0.4kV Подземна мрежа
☒ 0.4kV Надземна мрежа

☐ Друго

Составен дел на овој одговор е и прилог – графички приказ (подлога во pdf и dwg формат со соодветно обележани леери) со вцртани електроенергетски објекти и инфраструктура според податоците од службената евиденција.

НАПОМЕНА: Податоците кои ви ги даваме се од наша службена евиденција и постои можност да има отстапување во точноста на координатите на електроенергетските објекти на терен. Задолжително да се изготви ажурирана геодетска подлога која треба точно да ги претставува положбените и висинските податоци за сите видливи природни и изградени објекти под и над површината на земјата во рамки на опфатот.

Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија

При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

Потврдата е од ограничено времетраење во рок од 3 месеци од датумот на нејзиното издавање.

Со почит,

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг




**Легенда**

- Постоечка мрежа
- Новопланирана мрежа
- Демонтирана мрежа

Македонски Телеком АД, Кеј 13-ти Ноември бр. 6, 1000 Скопје

Бр: 78133
Дата: 19.02.2026

До
ДПГИ ВЕКТОР 90 Томе ДООЕЛ
Ул. Ленинова бр. 12, 2400 Струмица

Ваше упатување Барање на податоци и информации

Наше контакт лице Тони Илиевски, Мица Цониќ-Кепевска

Телефон +389 70 200 045; +389 70 300 292

Во врска со Известување за планирани и постојни тк инсталации

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање, добиено преку системот е-урбанизам, со кое што барате податоци и информации за изработка на Урбанистички проект за архитектонско- урбанистичка разработка на градежна парцела со намена В2-Болница на КП 1510 КО Струмица во Струмица , Ве известуваме дека во границите на планскиот опфат има постојна МКТ инфраструктура апплицирана на графичкиот прилог.

**Напомена: Информациите содржани во овој документ се доверливи и тие се наменети за користење само од страна на примателот. Примателот е обврзан да превземе разумно ниво на грижа заради заштита на доверливите информации содржани во документот. Воедно, примателот е обврзан документот или било кој дел од неговата содржина да не го открива или дистрибуира на трети лица кои не се засегнати со актуелниот предмет, а заради спречување на можни злоупотреби.**

Прилог: Информации во електронска форма прикачени во постапката.

Со почит,
Македонски Телеком АД Скопје
DEVOPS активности на оптика
и мрежи од следна генерација
По овластување на
Дејан Влаховиќ

**МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД-СКОПЈЕ**
**Адреса: Кеј 13-ти Ноември 6, 1000 Скопје, Република Северна Македонија**
**Телефон: +389 2 3100 200 | Факс: +389 2 3100 300 | Internet: www.telekom.mk**
**Контакт центар за приватни корисници: +389 2 122, +389 70 122|E-Mail: kontakt@telekom.mk**
**Контакт центар за деловни корисници: +389 2 120, +389 70 120|E-Mail: biznis.kontakt@telekom.mk**
**ЕМБС: 5168660 | Основна главнина: МКД 9.583.887.733,00**
**ISO 9001, ISO 14001 и ISO 27001 сертифицирана компанија**

Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
**УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
**DREJTORIA PËR MBROJTJEN E TRASHËGIMISË KULTURORE**

Бр. 17-912/2
16-03-2026 год
Скопје

До

**ВЕКТОР 90**
Ул. Ленинова 12
2400 Струмица
Република Македонија

Предмет: Податоци и информации
Врска: Ваше барање од 02.2026

Во врска со вашето барање за добивање податоци за постоење на културно наследство за урбанистички проект за архитектонско-урбанистичка разработка на ГП со намена Б2 на КП 1510, КО Струмица, општина Струмица, Управата за заштита на културното наследство ја разгледа доставената и постојната документација и констатира дека во границите на опфатот нема заштитени добра, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Доколку при реализација на проектот се појави археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија" бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15,192/15 и 39/16).

Со почит,

**Директор,**
***Весела Честоева***

Изработил: Ф. Доневски 06.03.2026
Одобрил: м-р Б. Јовановска
06-03-2026

Наш број:1404-709/2
Скопје 25. 03.2026 г.

**ДО:**
**ВЕКТОР 90 ТОМЕ ДООЕЛ**
**ул.Ленинова бр.12**
**2400 Струмица**

Во врска со Вашето барање за доставување на податоци за изградени електронски комуникациски мрежи потребни за изработка на **Урбанистички проект за архитектонско-урбанистичка разработка на градежна парцела со намена В2-Болница на КП 1510 КО Струмица во Струмица.,** према доставената ситуација, во прилог ви доставуваме податоци со кои во моментов располага Агенцијата за електронски комуникации.

Прилог:
-Податоци на изградени јавни електронски комуникациски мрежи - во електронска форма

Со почит,

Сектор за телекомуникации
Изработил : А.Тахири
Раководител на сектор: Д-р Борис Арсов

ДИРЕКТОР
Jeton Akiku

АЕК-401.03

# УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

## ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

**УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ**
**Урбанистички проект за архитектонско- урбанистичка разработка на градежна парцела со намена В2.3 - Установа од секундарната здравствена заштита на КП1510 и КП1511, КО Струмица во Струмица**

**ВОВЕД**

**Урбанистички проект за архитектонско- урбанистичка разработка на градежна парцела со намена В2.3 - Установа од секундарната здравствена заштита на КП1510 и КП1511, КО Струмица во Струмица** се изработува врз основа на просторните можности на локацијата, постојната состојба, Ажурираната геодетска подлога, Проектната програма, Одредбите кои произлегуваат од изводот од ЛУПД за предметната парцела , како и потребите на Нарачателот.

Изготвувањето на проектната докуменатција се врши во согласност со член 58 став (2) точка 3, од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 32/2020, 111/23, 171/24, 224/24 , 40/25, 101/25 и 127/25) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 225/20, 219/21, 104/2 , 99/23, 7/25, 143/25 ,241/25 и 30/26).

Цел на Урбанистичкиот проект е:

- Разработка на предметната градежна парцела со решавање на интерниот сообраќај и проблемот со паркирање
- Да ја дефинира површината за изградба на нови градби според проектната Програма на Инвеститорот.
- Да ги дефинира останатите архитектонско урбанистички параметри за градење во рамки на парцелата.

**ПРОЕКТЕН ОПФАТ**

Границите на Проектниот опфат се дефинирани со надворешните граници на катастарската парцела КП1510, КО Струмица.

Во внатрешноста на опфатот на КП 1511 одделена е посебна градежна парцела за трафостаница 10/04КВа - во сопственост на ЕВН Скопје АД Македонија.

Вкупната површина на проектниот опфат изнесува 20288.07 m$^2$.

На североисток, северозапад и југозапад границите на проектниот опфат се поклопуваат со регулационата линија од постоечките улици, додека на останатите страни опфатот граничи со парцели со намена домување во станбени куќи.

**ПОСТОЕЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

Во прилог на Урбанистичкиот Проект доставен е:

Извод од ЛУПД за КП 1510 општина Струмица, усвоен со Решение бр 16-334 од 27.07.2010 год., за градежната парцела се предвидени следните Архитектонско - урбанистички параметри за изградба:

*Основна класа на намена:* **В2-Болница**
*Површина на парцела:* **20882 m$^2$**
*Површина за градење:* **6627 m$^2$**
*Вкупна површина за градење:* **15520m$^2$**
*Процент на изграденост 32%*
*Коефициент на искористеност 0,74*
*Максимална висина до венец: 12.0m- Висина која е одредена само за ново планираните градби во комплексот и катност П+2. Останатите градби во комплексот се задржани со информативна линија.*
*Паркирање-предвидени се 102 паркинг места.*

## 2.ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И ИНФРАСТРУКТУРА ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Градежната парцела е составена од две катастарски парцели КП1510 и КП1511, КО Струмица, од кои КП1510 е во државна сопственост, а КП1511 е во сопственост на ЕВН Скопје АД Македонија.

Во рамки на проектниот опфат постојат изградени објекти со намена В2-Болници, Е1.8-трансформаторски станици и топлотни подстаници и поставени темели за верски објект.

Изградени се интерни сообраќајници низ комплексот, но со несоодветна ширина и без решение за стационарниот сообраќај низ парцелата.

Степенот на изграденост и вкупната изградена површина на парцелата се приложени во табелата.

| ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА, НА ЗЕМЈИШТЕТО И ЗЕЛЕНИЛОТО ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на Катастарска Парцела | Број на градба | Намена | Катност | Тип на градба | Површина на катастарски парцели $м^2$ | Изградена површина во приземје $м^2$ | Процент на изграденост % | Валоризација |
| КП1510 | 1-8 | В2- згради во здравство | П-(П+5) | Скелетна | 20288.07$м^2$ | 7155$м^2$ | 36.1 | Постојните градби се во добра состојба, во скелетен систем |
| | 9-11 | Е1.8- трансформаторски станици и подстаници | П | Скелетна | | 55$м^2$ | | Постојните градби се во добра состојба, во скелетен систем |
| | 12-14 | помошни објекти | П | Скелетна | | 114$м^2$ | | Постојните градби се во добра состојба, во скелетен систем |

Подрачјето на проектниот опфат е со изградена инфраструктурна мрежа, како од сообраќаен така и од комунален аспект.

Побарани се податоци од надлежните институции за конкретниот опфат и добиените податоци се приложени во графичкиот дел од оваа проектна документација, лист бр.3.

## 3.ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ

Од увидот на постоечката изграденост на парцелата се гледа дека таа е значително изградена со постоечките градби.

Со Урбанистичкиот проект се дефинира рамковна површина за градење која ги опфаќа постоечките и планираните градби. Висините за градење на постоечките градби се задржуваат според изведениот степен на изграденост, додека на новите планирани градби дефинирани се максималната висина и катност.

Во согласност со Проектната програма, со Урбанистичкиот проект се предвидени следните зафати:

-Изработено е решение за внатрешниот сообраќај низ парцелата, со предвидување на проширувања на постоечките интерни улици со прописни ширини на коловозот како и планирање на тротоари покрај нив.

-На место на постоечката монтажна модуларна болница се предвидува изградба на нова градба со катност П+2.

-На местото на постоечките темели се предвидува изградба на верски објект со димензии според изведените темели. За истата градба, составен дел на Урбанистичкиот Проект е и Идеен проект.

На делот од парцелата ориентиран кон ул. "Панче Пешев" се планира катна гаража со Катност П+2 и капацитет за 67 возила. Гаражата е предвидена како потполно отворена со надворешна обвивка од мрежа која воедно ќе служи како подлога за вертикално зеленило со што конечниот изглед на градбата треба да биде со надворешни "ѕидови" од зеленило.

За истата градба, составен дел на Урбанистичкиот Проект е и Идеен проект.

Со уредувањето на парцелата дефинирани се и површините за урбано зеленило. Вкупната површина наменета за зеленило во рамки на парцелата изнесува 4059.1$m^2$ или 20.01% од површината на парцелата.

Со предвидената гаражна куќа и отворениот паркинг во рамки на парцелата, се решава и потребата од паркинг простор. Според намената на градбите, потребниот број на паркинг места изнесува 102. (Димензионирано по нормативот 1 паркинг место на 3 вработени во смена плус 10% за посетители, предвидени се вкупно 102 паркинг места. Просторот од парцелата пред влезовите во болничките објекти (ориентиран кон ул. "Младинска") е резервиран за пристап и паркирање на возила на медицинскиот центар.

Во графичките прилози детално се котирани растојанијата од површината за градење до регулационите линии и границите со соседните парцели. Во деталната разработка на

парцелата прикажани се сите постоечки и планирани градби како и урбанистичкото решение на комплексот.

## 4.ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА

### 4.1Регулациона линија

Регулациона линија е линија на разграничување помеѓу градежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба. Во графичките прилози означена е регулационата линија, со детално котирање на растојанијата до градежните линии.

### 4.2 Градежна парцела, површина за градење и градежни линии

Градежната парцела означена со ГП 1 е дефинирана со границите на КП1510, КО Струмица.

Во рамки на градежната парцела со градежна линија дефинирана е рамковна површина за градење, во рамки на која влегуваат постоечките и планираните градби.

### 4.3 Наменска употреба на земјиште

Со урбанистичкиот проект за ГП 1 се утврдува основна класа на намена В2.3 - Установа од секундарната здравствена заштита.

Компатибилни класи на намени- Е2.1- Катна гаража, В.5.1- Црква.

Комплементарни класи на намени- Д1-парковско зеленило, Е1-инфраструктурни водови, Е1.8- Трансформаторски станици и подстаници.

### 4.4 Височина на градбите

Максимална височина на градбата е планска одредба со која се утврдува дозволената височина на градбата на вертикалната рамнина чијшто пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија.

Со Урбанистичкиот проект висината на постоечките градби се задржува, додека на новите планирани градби е дефинирана поединечно. За новата болничка зграда на местото на модуларната болница висината до венец е дефинирана на 12.0м, на гаражната куќа 8.8м, додека на верскиот објект- максималната висина е дефинирана на 7.6м.

### 4.5 Кота на приземна плоча

Котата на нулта плоча на приземјето се дефинира на висина 0,15м од котата на готов партер.

### 4.6 Процент на изграденост

Процентот на изграденост на земјиштето (П) е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба. Истиот се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето под градба и вкупната површина на градежното земјиште изразен во процент. Максималниот Процент на изграденост за предметната градежна парцела изнесува 40.15 %.

### 4.7 Коефициент на искористеност

Коефициентот на искористеност на земјиштето (К) е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште и се пресметува како однос помеѓу вкупната изградена површина, односно збирот на површините на сите изградени спратови под градбата и вкупната површина на градежното земјиште. Коефициентот на искористеност на земјиштето за ГП1 изнесува 0.96.

### 4.8 Внатрешен Сообраќај и начин на обезбедување на потребен број паркинг места

Автомобилски пристап до парцелата е обезбеден од наведените постоечки улици.

Во графичките прилози е прикажано решението на внатрешниот сообраќај и начинот на обезбедување на потребните паркинг места.

Потребата од паркинг простор се дефинира според член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25 241/25 и 30/26). 1 паркинг место на 3 вработени во смена плус 10% за посетители. Предвидени се 102 паркинг места од кои 67 во катната гаража и 36 во дворот на парцелата.

**4.9 Нивелмански план**

Нивелетата на партерното уредување на парцелата е усогласена со изведената нивелета на постоечките околни улици и интерните сообраќајници низ парцелата.

**4.10 Зеленило и партерно уредување**

Внатрешните пешачки површини се предвидува да се обработат со бетонски павер елементи. Слободниот простор да се затревни и посади со ниско и високо зеленило усогласено со потребите на намената на просторот. Минимален процент на зеленило во рамки на градежната парцела изнесува 20%. Со Урбанистичкиот проект вкупната површина на зеленило во рамки на парцелата изнесува 4059.1m$^2$ или 20.01% од површината на парцелата.

**4.11.Водови и инсталации на инфраструктурите**

Во проектот се прикажани постоечките и планирани инфраструктурни водови во парцелата.

***4.11.1 Водовод***

Потребите од санитарна и вода за заштита од пожар вода се обезбедени од градската водоводна мрежа.

***4.11.2 Фекална и Атмосферска канализација***

Одводот на фекалните и атмосферските води се врши преку градската канализациона мрежа.

***4.12 Електро-енергетски и ТТ приклучок***

Градбите се приклучени на електричната мрежа. Изведени се и трафостаници 10/04КВ за задоволување на потребие на болницата.

Градбите се приклучени на телекомуникациска и интернет мрежата.

**5. ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ**

## ГП1

**Класа на намена:** В2.3 - Установа од секундарната здравствена заштита
**Компатибилни класи на намени:** Е2.1- Катна гаража, В.5.1- Црква
**Комплементарни класи на намени:** Д1-парковско зеленило, Е1-инфраструктурни водови, Е1.8- Трансформаторски станици и подстаници
**Површина на градежна парцела:** 20288.07 м$^2$
**Површина за градба:** 8145 м$^2$
**Вкупна изградена површина на сите катови:** 19472 m$^2$
**Катност:** П до П+5
**Максимална висина до завршен венец од кота на улица:** Постоечка висина за постоечки градби и 7.6 м за верски објект, 8.1м за катна гаража и 12 м за новопредвиден здравствен објект.
**Процент на изграденост (%):** 40.15%
**Коефициент на искористеност:** 0.96
**Предвиден број на паркинг места**: Предвидени се 102 паркинг места.

***6.* МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА**

**6.1 Заштита на животна средина**

Во доменот на заштитата на животната средина основна цел е преку соодветни плански поставки да се обезбедат услови за непречен развој со истовремено чување на квалитетот на средината за живот и работа.

Сите слободни површини од парцелата хорикултурно да се уредат со зеленило, а големината и видот на зеленилото да се дефинираат на ниво на Основен проект.

Прашањето на одвоз на отпад е решено во договор со надлежните институции за собирање на отпадот за осигуран континуиран одвоз како на санитарниот, така и на медицинскиот отпад.

Одведувањето на фекални отпадни води се врши во градската канализациона мрежа и не постои опасност од загадување на подземните води.

**6.2 Мерки за заштита и спасување**

Мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејствија и постапки од превентивен карактер, кои ги подготвува и спроведува Републиката преку органите на државната управа во областа за кои се основани.

**6.2.1. Заштита од природни и технолошки хаварии**

Врз основа на загрозеноста на регионот на град Струмица од природни катастрофи, елементарни непогоди и технички хаварии, може да настане повредливост на просторот на локалитетот и неговите физички структури. Повредливоста на просторот се одразува на објектите и нивната околина.

**6.2.2. Мерки за заштита од урнатини**

Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките планови во текот на планирањето на просторот. Според постојните анализи и добиените резултати за сеизмичност на месното подрачје според очекуваните дејности на земјотреси во иднина, основен степен на сеизмички итензитет во подрачјето изнесува 8° по МЦС.

Дефинирање на сеизмички хазард всушост претставува дефинирање на економско-технички критериуми за прифатливо ниво на безбеденост на градежната конструкција за различни материјали на објектите.

За да се избегне сеизмичкиот хазард потребно е градбата да се гради според параметрите и критериумите за сеизмичка градба.

Во случај на можни разурнувања било од земјотес или од воздушен воен удар, планираното решение на уличната мрежа обезбедува:

- брза и непречена евакуација на луѓето (нема тесни грла)
- брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални воизила
- непречена интервенција
- штетите да се сведат на минимум
- брза санација на последиците.

Поставеноста на градбите во парцелата овозможува услови за несметана евакуација.

**6.2.3. Мерки за заштита од пожар**

Предвидените градежни парцели се ориентирани кон улица од која е обезбеден несметан пристап на противпожарни возила. Растојанијата на градежните линии на предвидените градби од соседните градежни парцели гарантираат сигурност и заштита од ширење пожар помеѓу планираните и соседните градби.

До планираните градби во рамките на проектниот опфат обезбеден е пристап на ПП возило од постоечките и интерните улици во комплексот.

Градската водоводна мрежа треба да обезбеди услови за планираање и изведба на внатрешна и надворешна хидрантска мрежа.

Сите останати мерки за заштита од пожар се предмет на работа на Основни проекти за градбите.

**6.2.4. Мерки за заштита од поплави**

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на вода од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

Локацијата се наоѓа во рамничарски дел од градот и еднинствена опасност од поплави е продор на атмосферски отпадни води кои постоечката атмосферска канализација на градот не би можела да ги прифати.

При изработката на проектните документации за изградба на објектите да се предвидат потребните технички мерки за заштита од поплави како што се :

-Поставување оградни ѕидови кои ќе спречат продор на поројни води во локацијата, технички решенија за одвод на атмосферските води од локацијата, како и други технички мерки по согледување на проектантите а во согласност со важечките технички прописи.

### 6.3 Заштита на културно наследство

До колку во текот на изведувањето на градежни работи на локацијата се дојде до археолошко наоѓалиште односно предмети од археолошко значење, ќе се постапува според чл. 65 од Законот за културното наследство (Сл. весник на РМ бр.20/04, бр.115/07, бр.18/11, бр.148/11, бр.23/13, бр.137/13, бр.38/14 и бр.44/14), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство во смисла на чл.129 од Законот.

## 7.НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

**Табела 1:** ***Нумерички показатели***

| НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на ГРАДЕЖНА Парцела (ГП) | Група на класа на намена | Основна класа на намена | Компатибилна класа на намена | Површина на парцела ($m^2$) | Изградена површина во приземје ($m^2$) | Вкупна изградена површина на сите катови ($m^2$) | Катност | Максимална висина до венец на кров | Процент на изграденост (%) | Коефициент на искористеност (К) | Паркинг |
| ГП 1 | В | В2.8 - Установа од секундарната здравствена заштита | Е2.1, В5.1 | 20288.07 | 8145 | 19472 | П (П+5) | h=пост. | 40.15 | 0.96 | 103 паркинг места |

### БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ:

- ПОВРШИНА НА ОПФАТ: **20288.07 $m^2$**
- ПОВРШИНА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА: **20288.07 $m^2$**
- ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ : **8145 $m^2$**
- ВКУПНА ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА: **19472 $m^2$**
- ВКУПНА ПОВРШИНА НА ПЛАНИРАНО ЗЕЛЕНИЛО: **4059.1$m^2$**
- БРОЈ НА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ: **1**

Планер,
Васил Тимов д.и.а.

ГРАФИЧКИ ДЕЛ

ОПШТИНА СТРУМИЦА
Бр. 20-702/2
од 23.03.2026год.

Сектор за урбанизам,комунални работи и градежно земјиште
СТРУМИЦА

**ИЗВОД ОД ЛУПД ЗА КП.бр.1510 КО СТРУМИЦА ГРАД СТРУМИЦА**

РЕШЕНИЕ БР. 16-334 од 27.07.2010 год.
~~ОДЛУКА~~ БР. ~~07 - 4826/1 од 18.07.2006год.~~

БАРАЊЕ БР: 20-702/1 од 04.03.2026год.

ПО БАРАЊЕ НА: Вектор 90 Томе ДООЕЛ Струмица

НАМЕНА: В2 - ЗДРАВСТВО

ЗОНА: ЦЕНТРАЛНО ПОДРАЧЈЕ
**КО: СТРУМИЦА КП бр. 1510**

М=1:2500

ОПШТИ УРБАНИСТИЧКО-АРХИТЕКТОНСКИ ПОДАТОЦИ

Намена на градбата В2 - ЗДРАВСТВО

Макс. Дозволена површина за градба

Површина на парцела

Мак. Висина до венец

Катност

Сообраќајни услови

Други услови

Изготвил,
Иван Младенов
Прегледал,
Одобрил,
Нада Михајлова

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**ОПШТИНА СТРУМИЦА**
**Петар Јанков**

Графички приказ
на ГП бр.



**ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**
за КП бр.1510,
КО Струмица,Општина Струмица

ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ

Локалната урбанистичка планска документација за КП 1510 КО Струмица, Општина Струмица се однесува за плански опфат со површина од 2.34ха.

При изработка на Локалната урбанистичка планска документација КО Росоман е применет методолошки пристап и постапка согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. Весник на РМ бр. 51/05), Изменување и дополнување на Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.137/07).Содржината на планот е утврдена со Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови ("Сл. Весник на РМ" бр.78/06 и 140/07) и Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл.весник на РМ" бр.12/09)

Локалната урбанистичка планска документација за предметната локација како основна цел ги има зацртано насоките на идниот просторен развој, со создавање услови за планирање на организирани простори, дефинирање на оптимални решенија за организирање на основните функции преку анализа на постојната состојба и создавање на површини со конкретни просторни, сообраќајни и инфраструктурни решенија.

**А) ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

**1.ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ**

ЈЗУ Општа Болница Струмица се наоѓа во централното градско подрачје на Струмица на КП бр.1510. Просторот околу парцелата е ограничен од улиците "Панче Пешев" и "Младинска".

Горе спомենатиот простор претставува јавно земјиште, и во голем дел е изграден простор со намена за здравствени и социјални институции за потребите на градот. Во парцелата се наоѓа комплекс од објекти кои претставуваат дел од ЈЗУ Општа Болница Струмица и се во нејзина функција.

Со границите на опфатот на оваа планска документација се дефинира урбанистичката парцела која има површина од 20265 м$^2$.

Урбанистичката парцела е лоцирана во централниот дел на градот и тоа во границата на планскиот опфат од Генералниот урбанистички план на град Струмица.

Влезот и излезот во локацијата е од северо-источна и од северозападната страна на парцелата,
Теренот на локацијата е рамен и уреден со парковско зеленило.

## 2.ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО И УРЕДУВАЊЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И НЕГОВАТА ОКОЛИНА (ОСВРТ ВРЗ ДОНЕСЕНИТЕ ПЛАНОВИ)

За Планскиот опфат кој е предмет на Локалната планска документација за ЈЗУ Општа Болница Струмица постои планска документација односно ДУП на град Струмица- Одлука бр.02-850/1 од 31.12.1987г, блок 20.

## 3.ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИ ЧИНИТЕЛИ

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, без учество и влијание на човекот.Во нив спаѓаат географската положба на подрачјето, релјефни карактеристики, геолошки, сеизмички, педолошки, хидрографски и климатски карактеристики.
Во делот на анализата за погодноста на природната средина се врши валоризација на потенцијалите на природните ресурси, што воедно е и појдовна основа за просторното планирање.

- **Географски податоци**

ЈЗУ Општа Болница Струмица е лоцирано во централното градско подрачје на градот Струмица, на надморска височина од околу 225 метри.
Споменатиот простор односно локацијата претставува изградено земјиште на кое се наоѓаат девет згради за здравство и еден помошен објект-стражара. Останатиот дел од парцелата е уреден со ниска и висока вегетација, бетонирани пешачки патеки и асфалтирана улична мрежа.

- **Рељефни услови**

Главните рељефни облици имаат тектонско потекло, со испреплетување на котлини и возвишенија.
Најстарите карпи се метаморфни, главно, претставени со гнајсеви, микашисти и шкрилци.

- **Геолошки и педолошки карактеристики**

Според инженерско-геолошките и геомеханички карактеристики теренот во Струмица спаѓа во претежно стабилни терени т.е. изградени од поголеми маси на карбонатни стени, гнајсеви, микашисти и гранити.

Подрачјето на Општина Струмица според досегашните сеизмолошки истражувања спаѓа во терени подложни на чести и снажни земјотреси предизвикани од подалечните епицентрални жаришта. Интензитетот на случените потреби изнесува 9° по MCS.

- **Климатски карактеристики**

Судирот на две различни климатски влијанија (медитеранска и континентална клима) создава модифицирана медитеранска клима со следните карактеристики:

- просечна годишна температура на воздухот ..........13,5°C
- годишна средномесечна температура ..................над 0° C
- средно траење на мразен период ..........................112 дена.

Градот Струмица лоциран во најсушното подрачје во Републиката е со следните карактеристики:

- просечна годишна сума на врнежи ............................423.8 мм.
- максимална сума на врнежи по месеци....61,2 мм (октомври)
-минимална сума на врнежи по месеци................21,1 мм (август)

Воздушните струења имаат најголема честина од насоките север и северозапад.

Ниските количества на врнежи во летниот период, особено негативно се одразуваат на земјоделството во Општината.

**4.ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИ ВРЕДНОСТИ**

Катастарската парцела 1510 е во државна сопственост и на неа постојат изградени објекти. Комуналната инфраструктура е изведена, како и дел од околните станбени улици.
На локацијата предвидена за доградба на објект на **ЈЗУ Општа Болница Струмица** постојат изградени објекти. Тоа се девет габарити од бетонска конструкција со катност П, П+1, П+2, П+4 и П+5.

## 5.ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД И ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА

Појдовна основа за изготвување на анализа на постојната состојба на предметниот локалитет во КО Росоман се податоците добиени од истражувањата на просторот.
Со увид на теренот добиени се податоци за:

- објектите (катност, конструкција, намена),
- парцелите (граници, големина, уредност и обработка на слободниот простор , помошни објекти и сл.),
- улична мрежа (ширина, обработка, состојба).
- друга инфраструктура (водовод, канализација, енергија и др.).

Од ажурираната геодетска подлога може да се увиди за изграденоста на теренот. На опфатот предмет на оваа Локална урбанистичка планска документација, постојат повеќе градби со значителни габарити и катност .

- Постојна комунална инфраструктура

Бидејќи локацијата е изградена и функционира, таа ги содржи сите потребни елементи од сообраќајната и комуналната инфраструктура.

- Постои директен пристап на моторни возила од локалниот пат.
- На локацијата постои инсталација за водоснабдување
- На локацијата постои инсталација за фекална и атмосферска канализација
- На локацијата постои соодветна електрична инсталација

## 5.1. СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА

Бидејќи локацијата е изградена и функционира, таа ги содржи сите потребни елементи од сообраќајната и комуналната инфраструктура.

- Постои директен пристап на моторни возила од локалниот пат, и тоа од собирната улица Младинска постојат два влеза,од кои едниот е главниот влез,а другиот влез е за брзата помош.
- На западната страна исто така постојат два секундарни влеза.

Во болничкиот комплекс постои делумно изградена сообраќајна инфраструктура.
Во фаза на изработка на Локална урбанистичка планска документација КО Струмица, анализирана е целокупната состојба на објектите на сообраќајна и комуналната инфраструктура во поблиската и подалечната околина на планскиот опфат.Парцелата излегува на две улици, улица "Младинска и улица "Панче Пешев".

## 6.0. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ПОСТОЈНИ СПОМЕНИЧКИ ЦЕЛИНИ

Од аспект на културно историско наследство,доколку при реализација на проектот се наиде на археолошки артефакти,односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност,потребно е да се

постапи во согласност со чл.65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл.весник на РМ,бр.20/04,бр.115/07).

## 7.0.ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ИЗГРАДЕНА СУПРАСТРУКТУРА

## 7.1. КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

*1. Водовод*

На предметната локација постои изградена водоводна мрежа. Мрежата се напојува од локалната водоводоводна мрежа на Општина Струмица. Комплексот се снабдува со вода од градската водоводна мрежа на улицата "Младинска",каде минува ПВЦ цевка ∅110,но и од улицата "Панче Пешев", каде од комплексот ПВЦ цевка ∅90 се приклучува на градската водоводна мрежа ПВЦ цевка ∅110.

*2. Канализација*

Постои постоечка изградена канализациона мрежа до предвидената парцела. И по двете улици "Младинска" и "Панче Пешев" постои канализациона мрежа .

## 7.2. ЕЛЕКТРО-ЕНЕРГЕТИКА

Во парцелата постои трафостаница TS 10kV, која со подземен кабел IPO 13 70мм$^2$ и IPO 13 150мм$^2$ се напојува од градската мрежа.

## 7.3. ТЕЛЕФОНСКА МРЕЖА

Телекомуникационите услуги се обезбедуваат врз основа на добро воспоставената телекомуникациона мрежа со примена на најсовремени технологии.

Телефонските корисници во ова подрачје во комуникацискиот сообраќај се приклучени преку телефонската централа во Струмица.

Теренот е исто така покриен со сигнали од мобилната телефонија, на Т – Мобиле , ОНЕ и ВИП .

## 8.0. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМКА НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИТЕ ГРАДБИ

Од ажурираната геодетска подлога планскиот опфат може да се увиди изграденоста на теренот.

Во рамките на планскиот опфат не се евидентирани бесправно изградени градби.

## 9.0. АНАЛИЗА НА СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВАЖЕЧКИОТ ПРОСТОРЕН ПЛАН

Предложени плански решенија за уредување на просторот се базираат врз основа на ДУП за Струмица.

## 10.0 АНАЛИЗА НА МОЖНОСТИТЕ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ

Конкретната иницијатива за реализирање на Локалната урбанистичка планска документација ќе предизвика позитивни ефекти за урбанизацијата на населбата.

## 11.0 ИЗВОД ОД ПЛАН ОД ПОВИСОКО НИВО

Од Изводот од Деталниот урбанистички план за Планскиот опфат кој е предмет на Локалната планска документација за ЈЗУ Општа Болница Струмица постои планска документација односно ДУП на град Струмица- Одлука бр.02-850/1 од 31.12.1987г, блок 20.

Со Деталниот план за предметната парцелиа предвидени се следните услови:

- Намена -јавни функции.

  Изграденост на парцелата- не е дефиниран
  Процент на изграденост -не е дефиниран
  Коефициент на искористеност - не е дефиниран
  Максимална висина не е дефинирана

Сообраќајни услови :

- Паркирањето да се решава во рамките на градежната парцела



V
III
III
33
34
35
7
8
П+1
П+2
П

| ИЗВОД ОД<br><br>ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ГРАД СТРУМИЦА | | ОПШТИНА СТРУМИЦА<br>СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ<br>И КОМУНАЛНИ РАБОТИ<br>ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ<br>СТРУМИЦА | |
|---|---|---|---|
| БЛОК БР | 20 | БРОЈ И ДАТА НА ПОДНЕСОКОТ: | 16-1265/1 од 09.07.2009 |
| ОДЛУКА БР. | 02-850/1 од 31.12.1987г | | |
| К.О. | СТРУМИЦА | РАЗМЕР | 1:1000 |
| ДЕТ. ЛИСТ | 8 | ИЗРАБОТИЛ: | АИ |
| К.П. БР. | 1510; 1511 | БРОЈ И ДАТА НА ИЗВОДОТ: | 16-1265/2 од 13.07.2009 |
| Г.П. БР. | | | |
| | КАТАСТАРСКА ПАРЦ. | ЗОНА: | ЦЕНТРАЛНО ПОДРАЧЈЕ |
| | ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА | | |
| НАМЕНА: | Д. ОБЈЕКТИ НА ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ | | |
| ПО БАРАЊЕ НА: | ЈЗУ ОПШТА БОЛНИЦА | | |

АИ / ОУ

Градоначалник
Зоран Заев

Печат: РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА СТРУМИЦА

# Б)ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

**ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**
**за К.П 1510, КО Струмица,**
**Општина Росоман**

## 1.ВОВЕД

Локална урбанистичка планска документација за К.П 1510 КО Струмица, Општина Струмица се изработува согласно изводот од ДУП со просторните можности на локацијата и постојната состојба.

Изготвувањето на документацијата се врши согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање - пречистен текст(Сл.весник на Р.М. бр.24/08), Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М. бр.91/09) и во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М. бр.78/06, 140/07, 12/09, 93/09 и 52/10) , Законот за јавни патишта (Сл.в.на РМ,бр.84/08) и Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл.весник на Р.М. бр.78/06). Потоа Законот за животна средина (Сл.в.на РМ,бр.53/05, бр.81/05 и бр.24/07), Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанијата на животана средина(Сл.в.на РМ 74/05и бр. 109/09)

Цел на Локална урбанистичка планска документација е добивање на условите за градење на градежната парцела со К.П 1510, КО Струмица, Општина Струмица, со утврдување на класата на намена и површината за градба.

Крајна цел на локалната планска документација е да се врши уредување на просторот со определување на градежна парцела како и уредување и користење на просторот во парцелата.

## 2.ГЕОГРАФСКА И ГЕОДЕТСКА МЕСТОПОЛОЖБА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ СО ОПИС НА ГРАНИЦА

ЈЗУ Општа Болница Струмица се наоѓа во централното градско подрачје на Струмица на КП бр.1510. Просторот околу парцелата е ограничен од улиците "Панче Пешев" и "Младинска".

Границата на планскиот опфат на североисток излегува на улицата Младинска. Потоа на југ и југозапад граничи со парцелите 1525,1524,1523, 1522,1521,1520, 1519,1518,1517,1516,1513. Границата потоа продолжува на запад и југозапад каде излегува на улицата Панче Пешев. На североисок и север Границата на опфатот граничи со парцелите 1509,1501,1455.

Горе споменатиот простор претставува јавно земјиште, и во голем дел е изграден простор со намена за здравствени и социјални

институции за потребите на градот. Во парцелата се наоѓа комплекс од објекти кои претставуваат дел од ЈЗУ Општа Болница Струмица и се во нејзина функција.

## 3.ИЗВОД ОД ПЛАН ОД ПОВИСОКО НИВО

Од Изводот од Деталниот урбанистички план за Планскиот опфат кој е предмет на Локалната планска документација за ЈЗУ Општа Болница Струмица постои планска документација односно ДУП на град Струмица- Одлука бр.02-850/1 од 31.12.1987г, блок 20.

Со Деталниот план за предметната парцелиа предвидени се следните услови:

— Намена -јавн функции.
Изграденост на парцелата- не е дефинирана
Процент на изграденост -не е дефиниран
Коефициент на искористеност - не е дефиниран
Максимална висина не е дефинирана

Сообраќајни услови :

— Паркирањето да се решава во рамките на градежната парцела

## 4. ПЛАНСКА ПРОГРАМА

Планската програма е дадена изворно во целост како прилог кон оваа Урбанистичка документација и е нејзин составен дел.

## 5.ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ

Условите за доградба на постоечки објект на ЈЗУ Општа Болница Струмица, согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање ќе се формираат врз база на локалната урбанистичка планска документација што е и задача на овој план. По определување на условите за градба, оваа документација ќе биде и база за изготвување на идеен проект за изведба и уредување на овој комплекс.

Содржината на локалната планска документација произлегува од Законот за изменување и дополнување на законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ, број 91/2009 год.).

Градежната парцела на ЈЗУ Општа Болница Струмица се протега на КП бр.1510 , со вкупна површина од околу 20265 м$^2$. Големината, формата и местоположбата на локацијата нудат поволни можности за реализација на ваква доградба.

Крајната цел на локалната планска документација за овој објект е добивање на Решение за локациски услови за градба на овој комплекс.

Целата локација на комплексот од објекти на ЈЗУОБ Струмица е оградена од сите страни со заштитна ограда. Еден од трите пристапа

во комплексот според планската документација се наоѓа од северо-источната страна со ширина од околу 5 м. Од истата страна е и влезот во доградениот дел на објектот.

Пред објектот постои пристапен пат за ПП возилата кој овозможува непречен пристап и движење на возилата. Овој пат ги исполнува сите потребни услови за ПП интервенција.

Околу објектот изведена е пешачка патека која обезбедува приод до сите влезови и до секој од постоечките објекти.

## 6. ПЛАНСКИ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА И НАМЕНСКА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО

Со Локалната урбанистичка планска документација, во рамките на градежната парцела се предвидена намена јавни институции-здравство предвидена е следната содржина на објекти:

Со Локалната урбанистичка планска документација се зголемува површината за градење на парцелата во дозволени граници со важечките стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

Границата на опфатот е дефинирана од парцелата 1510 од северната и западната страна, додека на исток и запад од осовината на улиците Младинска и Панче Пешев.

Најмалото растојание на градежната линија од северната граница на парцелата изнесува 4.5м, спрема јужната страна изнесува 5.0м. Додека спрема регулационата линија на исток растојанието изнесува 14м,односно 19.4м.Спрема регулационата линија на западната страна односно спрема улицата Панче Пешев најмалото растојание изнесува 6.0м и 33.7м.

Поголемиот дел од објектите во комплексот се постоечки.На новопредвидениоте објект предвидена е катност од П+2,и висина на венец 12.0м.На постоечкиот објект каде е предвидена доградба постоечката катност П+2 се задржува ,само е зголемен површината за градба.

Влезот во парцелата е од станбената улица "Панче Пешев", од каде се обезбедени два влеза,како и од собирната улица "Младинска".И до оваа улица се предвидени два влеза од кои едниот е за болничкиот коплекс додека другиот е за брза помош.

Други измени освен наведените не се предвидуваат ,со кое се запазуваат одредбите од чл. 50 -а од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М. бр.91/09) а воедно се ствараат услови за реализација на градежната парцела.

Изградените објекти , евидентирани во постојната состојба максимално се почитувани и вклопени во планот со дефинирани парцели и обезбедени пристапи до нив.

Со сообраќајниците е обезбеден влез и излез на локацијата и комуникација до сите содржини во комплексот. Планирани се со соодветни ширини и радиуси, во зависност од конкретната функција за која се наменети, согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

**6.1. ЈАВНИ ФУНКЦИИ**
**6.1.1.Здравство**

Основната и единствена класа на намена во планскиот опфат е јавни функции, односно В2 - здравство. Компатибилна класа на намена на оваа основна намена се предвидени:
времено смесување - А4 = 20%В2
мали комерцијални и деловни намени - Б1=20%В2
спорт и рекреација - Д3 = 20%В2
верски институции - В5 = 5%В2

**6.1.2. СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА**

Собраќајното решение во комплексот од објекти во ЈЗУОБ Струмица е прилагодено на функцијата на секој од објектите. Со новопредвидените градби во комплексот нема да се наруши постоечкото сообраќајно решение , ќе се задржи главниот влез и пристапот до доградениот дел.

Влезот во парцелата е од станбената улица "Панче Пешев", од каде се обезбедени два влеза, како и од собирната улица "Младинска".И до оваа улица се предвидени два влеза од кои едниот е за болничкиот коплекс додека другиот е за брза помош.

Согласно Чл.59 од правилникот за Стандарди и нормативи за урбанистичкото планирање Сл.весник на РМ бр.78/06,140/07 и 12/09 за здравствени и социјални установи е усвоен следниот број на паркинг места:

- За секој лекар во смена 1 паркинг место,
  9 лекари =9 паркинг места.
- За 3 вработени, 1 паркинг место
  100вработени=33 паркиг места
- За секоја просторија за прегледи 2 паркинг места
  10простории=20 паркиг места
- За 5 легла 1 паркинг место
  200 легла=40 паркинг места

Значи вкупно се потребни 102 места.

На локацијата се предвидени 102 паркинг места за лесни моторни возила, со димензии 2,5 м x 5,0 м. Паркирањето е предвидено на предвидените паркинзи според изводот од постојниот ДУП , а останатиот дел е во зеленилото.

### 6.1.3. ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

**Санитарен водовод**

На предметната локација постои изградена водоводна мрежа. Мрежата се напојува од локалната водоводоводна мрежа на Општина Струмица. Комплексот се снабдува со вода од градската водоводна мрежа на улицата "Младинска",каде минува ПВЦ цевка ∅110,но и од улицата "Панче Пешев", каде од комплексот ПВЦ цевка ∅90 се приклучува на градската водоводна мрежа ПВЦ цевка ∅110.

**Фекална канализација**

Постои постоечка изградена канализациона мрежа до предвидената парцела. И по двете улици "Младинска" и "Панче Пешев" постои канализациона мрежа .

### 6.1.4. ЕЛЕКТРО-ЕНЕРГЕТИКА

Во парцелата постои трафостаница TS 10kV, која со подземен кабел IPO 13 70мм$^2$ и IPO 13 150мм$^2$ се напојува од градската мрежа.

**- ТЕЛЕФОНСКА МРЕЖА**

Телефонските корисници во ова подрачје во комуникацискиот сообраќај се приклучени преку телефонската централа во Струмица.
Теренот е исто така покриен со сигнали од мобилната телефонија, на Т – Мобиле , ОНЕ и ВИП .

## 7.ЕКОНОМСКО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со предвидената документација се створаат услови за негова реална реализација. Се иницираат градежни активности за реализација на предвидената градба во рамките на парцелата како и на планираната инфраструктура.Од таквите активности има корист и општината ,преку државата граѓаните а воедно се решава и еден отворен проблем на граѓанин на општината.

## 8. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

Мерки за заштита, пропишани со овој план, претставуваат урбанистички мерки за заштита на опфатот од неповолни фактори и нивното негативно влијание на живеалишна и работна средина.
Како најбитно, во мерки на заштита се смета оневозможување на неконтролирано градење, безпланска документација, потоа заштита од општонародна одбрана, заштита на извориштата на вода за пиење.

Планскиот опфат наменски претставува зона домувањеи. При планирањето на содржини во неа, строго треба да се почитува режимот за заштита и планските мерки за заштита и унапредување на

животната средина пропишани со овој просторно-плански документ и тоа:

*- Мерки за заштита на воздухот;*

Најрационален и најефикасен начин за заштита на животната средина е спречување на образување на штетни материи уште во нивните извори.

*- Мерки за заштита на водата;*

Отпадните води ( санитарни и од одржувањето на хигиената во и надвор од објектите ), задолжително треба да се прочистува до степен што ќе го пропише Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство. Капацитетите и технолошката постапка на прочистувањето треба да се утврдат со главните проекти. Ова налага заради сочувување на квалитетот на подземните води на локацијата и поширокото окружување, сочувувањето на квалитетот на почвата и површинските водотеци.

*- Мерки за заштита на вегетацијата;*

Зштитата на вегетацијата е особено нагласена се со цел да не се доведе во опасност околната вегетација во но и надвор од опфатот Од аспект на овие мерки особено треба да се нагласи максималното сочувување на постоечката вегетацијата во локалитетот, каде е тоа можно .

*-Повредливост од пожар*

Поради директен пристап до локацијата овозможен е несметан пристап, подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето.

## 9. УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

### 9.1 ОПШТИ УСЛОВИ

**9.1.1** За спроведување на планот важат сите стандарди и нормативи пропишани со:

**1.** Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М. бр. 51/05 и 137/07).

**2.** Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. весник на Р.М. бр. 78/06 ).

**3.** Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М. бр. 78/06 и 140/07) и Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 12/09 , 93/09 и 52/10).

### 9.1.2. Регулациони и градежни линии

Регулациона линија е линија на разграничување помеѓу градежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба.Во графичките прилози означена е регулационата линија со детално котирање на растојанија до градежните линии.

Со градежните линии се дефинираат површините за градење во поединечните парцели, односно границите во кои може да се движат габаритите на поедините објекти.

Во графичките прилози означени се градежните линии,со детално котирање на растојанијата помеѓу нив и регулационите линии како и кон границите на градежните парцели.

**9.1.2. Максимална височина**

Максимална височина на градбата е планска одредба со која се утврдува дозволената височина на градбата на вертикалната рамнина чијшто пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија.

Максималната височина на градбата во урбанистички план се изразува како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата во должни метри.

**9.1.3.Процентот на изграденост** на земјиштето (П) е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба. Истиот се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето под градба и вкупната површина на градежното земјиште изразен во процент.

**9.1.4. Коефициентот на искористеност** на земјиштето (К) е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште и се пресметува како однос помеѓу вкупната изградена површина, односно збирот на површините на сите изградени спратови под градбата и вкупната површина на градежното земји

**9.2.ПОСЕБНИ УСЛОВИ**

Посебните услови за изградба се однесуват на планираната градежна парцела.

**9.2.1. Граница на проектниот опфат**

Границата на проектниот опфат е дефинирана со површината на градежните парцели К.П 1510 К.О. Струмица и површината до осовината на околните улици.

За предметната парцела изработена е ажурирана геодетска подлога со нумерички податоци и тие се составен дел на урбанистичкиот план.

**9.2.2. Површини за градење**

Со градежните линии се дефинира максималната изградена површина на парцелата, односно рамките во кои може да се движи габаритот на објектот.

**9.2.3.Обликување на објектите**

Предвидените објекти да бидат проектирани со современи градежни материјали, во склад со функцијата и важечките технички стандарди и нормативи.

Партерните површини завршно да бидат обработени со материјали кои обезбедуваат едноставно чистење, одводнување и одржување хигиена.

**ЈАВНИ ФУНКЦИИ**

**9.2.4.** Во просторот наменет за здравство, предмет на Локална урбанистичка планска документација КО Струмица предвидена е една парцела во рамките на опфатот.

Новопредвидената *површина за градба* изнесува 771м$^2$, претставува површина наменета за јавни функции- здравство

*Максималната висина за изградба* дефинирана во овој План изнесува 12.0м.

*Процентот на изграденостна планскиот опфат вкупно изнесува* изнесува 32%.

*Коефициентот на искористеност* на земјиштето изнесува к=0,74.

**Сообраќајна инфраструктура**

**9.2.5.** Сите предвидени простори (површини) за оваа намена – сообраќајна инфраструктура да се изведат спрема актуелните прописи, стандарди и нормативи (како што е предложено со Планот).

**Комунална инфраструктура**

**9.2.6.**За спроведување на сите подземни и надземни објекти и инсталации од инфраструктурата се обезбедени коридори помеѓу регулационите линии и во зависност од потребите и важечките законски и нормативни акти ќе бидат можни интервенции.

**9.2.7.**Електроснабдувањето во склад со одредени капацитети треба да се изработат преку единствен проект за електроенергетска мрежа. При ова треба да се води сметка за:

- Високонапонската мрежа да се изведе кабловски, подземно,
- Нисконапонската мрежа се изведува комбинирано, кабловска, подземна и воздушна,
- Телефонските водови треба да се водат подземно со соодветни телефонски каблови и пропратна опрема

**Зеленило и рекреација**

**9.2.8.**Во рамките на парцелата може да се планира високо и ниско зеленило како дел од партерното уредување на опфатот.

**Заштита на културно наследство**

**9.2.9.** Вградување на соодветен режим на заштита на недвижното културно наследство во просторен и урбанистички план се врши според заштитно-конзерваторски основи за културно наследство (Сл.Весник на Р.М.бр 20/04, Чл.71 од Законот за заштита на културното наследство).

Во текот на реализацијата на овој план, доколку се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со чл.65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл.Весник на Р.М.бр.20/04) односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни работи и веднаш да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство во смисла на чл.129 од Законот.

ТРАЈЧЕ ГРКОВ дипл.инж.арх. Овластен планер 0020

ДИЗАЈН ЦЕНТАР ИНЖЕНЕРИНГ Трајче ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци

Составил:
Трајче Грков диа

ВИОЛЕТА ПОПОСКА дипл.инж.арх. Овластен планер 0077

| Реден број на објект | Повр. за градба | Бруто разв. повр. | Класа на намена | Кота на венец | Катност |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 301 | 903 | В.2 | 12 | П+2 |
| 2 | 470 | 1410 | В.2 | 12 | П+2 |
| | 771 | 2313 | | | |

| Реден број на објект | Повр. за градба | Бруто разв. повр. | Класа на намена | Кота на венец | Катност |
|---|---|---|---|---|---|
| 3 | 259 | 777 | В.2 | постоечка | П+2 |
| 4 | 326 | 652 | В.2 | постоечка | П+1 |
| 5 | 452 | 2712 | В.2 | постоечка | П+5 |
| 6 | 235 | 705 | В.2 | постоечка | П+2 |
| 7 | 416 | 416 | В.2 | постоечка | П |
| 8 | 264 | 264 | В.2 | постоечка | П |
| 9 | 676 | 3380 | В.2 | постоечка | П+4 |
| 10 | 753 | 753 | В.2 | постоечка | П |
| 11 | 1402 | 1402 | В.2 | постоечка | П |
| 12 | 529 | 1058 | В.2 | постоечка | П+1 |
| 13 | 544 | 1088 | В.2 | постоечка | П+1 |
| | 5856 | 13207 | | | |

| Број на парцела | Површина на парцела | Површина за градба | Бруто развиена површина | Процент на изграденост | Коефициент на искористеност | Класа на намена | Број на паркинг места | Место на паркирање |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 20682 | 6627 | 15520 | 32 | 0.74 | В2 | 102 | во парцела |

0
ВИОЛЕТА ПОПОСКА
дипл.инж.арх.
Овластен планер
0077

0
ТРАЈЧЕ ГРКОВ
дипл.инж.арх.
Овластен планер
0020

ДИЗАЈН ЦЕНТАР ИНЖЕНЕРИНГ
Трајче ДООЕЛ увоз-извоз
Кавадарци

К.О. СТРУМИЦА

## ТЕРЕНСКА СКИЦА НА ПРЕМЕРУВАЊЕ

Ажурирана геодетска подлога




Место и датум:

25.02.2026 год., Струмица

Изготвил:

геод.инж. Ѓорги Шарламанов

М.П. (име, презиме и потпис)

**ЛЕГЕНДА :**

- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ
- ГРАНИЦИ НА КАТАСТАРСКИ ПАРЦЕЛИ
- СИТУАЦИЈА НА ЛИЦЕ МЕСТО
- УЛИЦИ
- НЕКАТЕГОРИЗИРАНИ ПАТИШТА
- ТЕЛЕФОНСКИ СТОЛБ ДРВЕН
- ТЕЛЕФОНСКИ СТОЛБ БЕТОНСКИ
- ТРАНСФОРМАТОР
- ДАЛЕКОВОД НИЗОК НАПОН ДРВЕН
- ДАЛЕКОВОД НИЗОК НАПОН БЕТОНСКИ
- ДИРЕКТ ЗА ОСВЕТЛУВАЊЕ
- ДРВЕНА БАНДЕРА СО СВЕТИЛКА
- РЕВИЗИОНО ОКНО ЧЕТВОРОАГОЛНО
- РЕВИЗИОНО ОКНО КРУЖНО
- СЛИВНИК
- НАДЗЕМЕН ХИДРАНТ БЕЗ ЗАТВАРАЧ
- ВОДОВОДНО ОКНО ЧЕТВРТАСТО
- ВОДОВОДНО ОКНО КРУЖНО
- ЖИЧАНА ОГРАДА
- ЖЕЛЕЗНА ОГРАДА
- БЕТОНСКИ ЅИД
- ПОТПОРЕН ЅИД
- ЖЕЛЕЗНА ОГРАДА НА ЅИД
- ЖИЧАНА ОГРАДА НА ЅИД
- ИНДИВИДУАЛНА ЗГРАДА
- ЗГРАДИ НА ОПШТЕСТВЕНИ ОРГАНИЗАЦИИ
- ДЕЛОВНА ЗГРАДА ДУЌАНИ
- ПОМОШНА ЗГРАДА
- КОТЛАРНИЦА
- ПАРК

ВЕКТОР 90
WWW. VEKTOR90.COM.MK

Планер:

ДПГИ **"ВЕКТОР 90"** Томе ДООЕЛ

Струмица ул."Ленинова" бр. 12 Тел/факс (034) 331 210 mail:info@vektor90.com.mk

| | |
|---|---|
| НАСЛОВ НА ПЛАНОТ: | **Урбанистички проект за архитектонско- урбанистичка разработка на градежна парцела со намена В2.3 - Установа од секундарната здравствена заштита на КП1510 и КП1511, КО Струмица во Струмица** |
| НАРАЧАТЕЛ: | **ЈЗУ Општа болница- Струмица** |
| МЕСТО: | **КО Струмица, општина Струмица** |

| ПОДРАЧЈЕ НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ: | СОДРЖИНА НА ЦРТЕЖ: |
|---|---|
| **КП 1510 и КП1511, КО Струмица, општина Струмица** | **АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО ГРАНИЦИ НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ** |

Вектор 90 - Томе доогл
лиценца за изработка на урбанистички планови бр. 0033

ОВЛАСТЕН ПЛАНЕР:

**ВАСИЛ ТИМОВ д.и.а.**

Овластување бр. 0.0582

| СОРАБОТНИК: | Верица Христова м.и.а. | ТЕХ. БРОЈ: | РАЗМЕР: | Лист бр. |
|---|---|---|---|---|
| МЕСТО И ДАТУМ: | Струмица; Март, 2026 | **010-1802/2026** | 1:1000 | 1 |




**ЛЕГЕНДА:**

- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ
- 1510 БРОЈ НА КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА
- АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА
- ПОСТОЕЧКА АСФАЛТИРАНА УЛИЦА
- 1-8 ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТИ СО НАМЕНА В2- ЗГРАДИ ВО ЗДРАВСТВО
  *6- администрација
  8- модуларна болница
- 9 ДИЗЕЛ АГРЕГАТ
- 10-11 ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТИ СО НАМЕНА Е1.8- ТРАНСФОРМАТОРСКИ СТАНИЦИ И ПОДСТАНИЦИ
- 12-14 ПОСТОЕЧКИ ПОМОШНИ ОБЈЕКТИ
  *13- топлотна подстаница
- 15 ПОСТАВЕНИ ТЕМЕЛИ ЗА ВЕРСКИ ОБЈЕКТ

**ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА, НА ЗЕМЈИШТЕТО И ЗЕЛЕНИЛОТО ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ**

| Број на Катастарска Парцела | Број на градба | Намена | Катност | Тип на градба | Површина на катастарски парцели $м^2$ | Изградена површина во приземје $м^2$ | Процент на изграденост % | Валоризација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КП1510 | 1-8 | В2- згради во здравство | П-(П+5) | Скелетна | 20288.07$м^2$ | 7155$м^2$ | 36.1 | Постојните градби се во добра состојба, во скелетен систем |
| | 9-11 | Е1.8- трансформаторски станици и подстаници | П | Скелетна | | 55$м^2$ | | Постојните градби се во добра состојба, во скелетен систем |
| | 12-14 | помошни објекти | П | Скелетна | | 114$м^2$ | | Постојните градби се во добра состојба, во скелетен систем |

ВЕКТОР 90
WWW.VEKTOR90.COM.MK

Планер:
**ДПГИ "ВЕКТОР 90" Томе ДООЕЛ**
Струмица ул."Ленинова" бр. 12 Тел/факс (034) 331 210 mail:info@vektor90.com.mk

| | |
|---|---|
| НАСЛОВ НА ПЛАНОТ: | **Урбанистички проект за архитектонско- урбанистичка разработка на градежна парцела со намена В2.3 - Установа од секундарната здравствена заштита на КП1510 и КП1511, КО Струмица во Струмица** |
| НАРАЧАТЕЛ: | **ЈЗУ Општа болница- Струмица** |
| МЕСТО: | **КО Струмица, општина Струмица** |

ПОДРАЧЈЕ НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ:
**КП 1510 и КП1511, КО Струмица, општина Струмица**

СОДРЖИНА НА ЦРТЕЖ:
**ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД И ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА**

Вектор 90 - Томе доаел
лиценца за изработка на урбанистички планови бр. 0033
ОВЛАСТЕН ПЛАНЕР:
**ВАСИЛ ТИМОВ д.и.а.**
Овластување бр. 0.0582

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| СОРАБОТНИК: | Верица Христова м.и.а. | ТЕХ. БРОЈ: **010-1802/2026** | РАЗМЕР: 1:1000 | Лист бр. 2 |
| МЕСТО И ДАТУМ: | Струмица; Март, 2026 | | | |




**ЛЕГЕНДА:**

- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ
- 1510 БРОЈ НА КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА
- АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА
- ПОСТОЕЧКА АСФАЛТИРАНА УЛИЦА
- 1-8 ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТИ СО НАМЕНА В2- ЗГРАДИ ВО ЗДРАВСТВО
  *6- администрација
  8- модуларна болница
- 9 ДИЗЕЛ АГРЕГАТ
- 10-11 ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТИ СО НАМЕНА Е1.8- ТРАНСФОРМАТОРСКИ СТАНИЦИ И ПОДСТАНИЦИ
- 12-14 ПОСТОЕЧКИ ПОМОШНИ ОБЈЕКТИ
  *13- топлотна подстаница
- 15 ПОСТАВЕНИ ТЕМЕЛИ ЗА ВЕРСКИ ОБЈЕКТ

**ПОСТОЕЧКА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА:**

- ОПТИЧКИ КОМУНИКАЦИСКИ КАБЛИ
- БАКАРНИ КОМУНИКАЦИСКИ КАБЛИ
- КАБЕЛСКА КАНАЛИЗАЦИЈА
- НАДЗЕМЕН 0.4 kV ЕЛЕКТРИЧЕН ВОД
- ПОДЗЕМЕН 0.4 kV ЕЛЕКТРИЧЕН ВОД
- ПОДЗЕМЕН 10(20) kV ЕЛЕКТРИЧЕН ВОД
- ВОДОВОДНА МРЕЖА
- ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА
- АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА
- ГАСОВОДНА МРЕЖА


ВЕКТОР 90
WWW. VEKTOR90.COM.MK

Планер:
ДПГИ **"ВЕКТОР 90"** Томе ДООЕЛ
Струмица ул."Ленинова" бр. 12 Тел/факс (034) 331 210 mail:info@vektor90.com.mk


| | |
|---|---|
| НАСЛОВ НА ПЛАНОТ: | **Урбанистички проект за архитектонско- урбанистичка разработка на градежна парцела со намена В2.3 - Установа од секундарната здравствена заштита на КП1510 и КП1511, КО Струмица во Струмица** |
| НАРАЧАТЕЛ: | **ЈЗУ Општа болница- Струмица** |
| МЕСТО: | **КО Струмица, општина Струмица** |

| ПОДРАЧЈЕ НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ: | СОДРЖИНА НА ЦРТЕЖ: |
|---|---|
| **КП 1510 и КП1511, КО Струмица, општина Струмица** | **ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА** |


Вектор 90 - Томе дооел
лиценца за изработка на урбанистички планови бр. 0033
ОВЛАСТЕН ПЛАНЕР:
**ВАСИЛ ТИМОВ д.и.а.**
Овластување бр. 0.0582


| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| СОРАБОТНИК: | Верица Христова м.и.а. | ТЕХ. БРОЈ: **010-1802/2026** | РАЗМЕР: 1:1000 | Лист бр. 3 |
| МЕСТО И ДАТУМ: | Струмица; Март, 2026 | | | |




**ЛЕГЕНДА:**

- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ
- АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА
- ГП1 БРОЈ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- РЛ РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- ГГП ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- ГЛ ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА

**КЛАСА НА НАМЕНА**

- В2.3 - Установа од секундарната здравствена заштита
- Е1.1- Сообраќајна патна инфраструктура - Улица

**НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ**

| Број на ГРАДЕЖНА Парцела (ГП) | Група на класа на намена | Основна класа на намена | Компатибилна класа на намена | Површина на парцела ($m^2$) | Изградена површина во приземје ($m^2$) | Вкупна изградена површина на сите катови ($m^2$) | Катност | Максимална висина до венец на кров | Процент на изграденост (%) | Коефициент на искористеност (К) | Паркинг |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ГП1 | В | В2.3 - Установа од секундарната здравствена заштита | Е2.1, В5.1 | 20288.07 | 8145 | 19472 | П (П+5) | h=пост. | 40.15 | 0.96 | 102 паркинг места |

ВЕКТОР 90
WWW. VEKTOR90.COM.MK

Планер:
ДПГИ **"ВЕКТОР 90"** Томе ДООЕЛ
Струмица ул."Ленинова" бр. 12 Тел/факс (034) 331 210 mail:info@vektor90.com.mk

| | |
|---|---|
| НАСЛОВ НА ПЛАНОТ: | **Урбанистички проект за архитектонско- урбанистичка разработка на градежна парцела со намена В2.3 - Установа од секундарната здравствена заштита на КП1510 и КП1511, КО Струмица во Струмица** |
| НАРАЧАТЕЛ: | **ЈЗУ Општа болница- Струмица** |
| МЕСТО: | **КО Струмица, општина Струмица** |

ПОДРАЧЈЕ НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ:
**КП 1510 и КП1511, КО Струмица, општина Струмица**

СОДРЖИНА НА ЦРТЕЖ:
**РЕГУЛАЦИОНЕН ПЛАН И ПЛАН НА ПОВРШИНИТЕ ЗА ГРАДЕЊЕ**

Вектор 90 - Томе доoел
лиценца за изработка на урбанистички планови бр. 0033
ОВЛАСТЕН ПЛАНЕР:
**ВАСИЛ ТИМОВ д.и.а.**
Овластување бр. 0.0582

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| СОРАБОТНИК: | Верица Христова м.и.а. | ТЕХ. БРОЈ: **010-1802/2026** | РАЗМЕР: 1:1000 | Лист бр. 4 |
| МЕСТО И ДАТУМ: | Струмица; Март, 2026 | | | |




ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ
- АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА
- ГП1 БРОЈ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- РЛ РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- ГГП ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- ГЛ ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- ИЛ ИНФОРМАТИВНА ЛИНИЈА
- ГЛ по УП ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА ПО УП

КЛАСА НА НАМЕНА

- В2.3 - Установа од секундарната здравствена заштита

КОМПАТИБИЛНИ КЛАСИ НА НАМЕНА

- 1 Е2.1- Катна гаража
- 2 В5.1- Црква
- Е1.1- Сообраќајна патна инфраструктура - Улица
- ПОПЛОЧЕНИ ПОВРШИНИ
- ЗЕЛЕНИЛО
- ВЛЕЗ ЗА БРЗА ПОМОШ
- ВЛЕЗ ВО БОЛНИЧКИ КОМПЛЕКС

ПОСТОЕЧКА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА:

- 3-4 3-ДИЗЕЛ АГРЕГАТ
- 4-ТОПЛОТНА ПОДСТАНИЦА
- ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТИ СО НАМЕНА Е1.8- ТРАНСФОРМАТОРСКИ СТАНИЦИ И ПОДСТАНИЦИ
- ОПТИЧКИ КОМУНИКАЦИСКИ КАБЛИ
- БАКАРНИ КОМУНИКАЦИСКИ КАБЛИ
- КАБЕЛСКА КАНАЛИЗАЦИЈА
- НАДЗЕМЕН 0.4 kV ЕЛЕКТРИЧЕН ВОД
- ПОДЗЕМЕН 0.4 kV ЕЛЕКТРИЧЕН ВОД
- ПОДЗЕМЕН 10(20) kV ЕЛЕКТРИЧЕН ВОД
- ВОДОВОДНА МРЕЖА
- ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА
- АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА
- ГАСОВОДНА МРЕЖА

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

| Број на ГРАДЕЖНА Парцела (ГП) | Група на класа на намена | Основна класа на намена | Компатибилна класа на намена | Површина на парцела ($m^2$) | Изградена површина во приземје ($m^2$) | Вкупна изградена површина на сите катови ($m^2$) | Катност | Максимална висина до венец на кров | Процент на изграденост (%) | Коефициент на искористеност (К) | Паркинг |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ГП1 | В | В2.3 - Установа од секундарната здравствена заштита | Е2.1, В5.1 | 20288.07 | 8145 | 19472 | П (П+5) | h=пост. | 40.15 | 0.96 | 102 паркинг места |

ВЕКТОР 90
WWW.VECTOR90.COM.MK

Планер:
ДПГИ "ВЕКТОР 90" Томе ДООЕЛ
Струмица ул."Ленинова" бр. 12 Тел/факс (034) 331 210 mail:info@vektor90.com.mk

| | |
|---|---|
| НАСЛОВ НА ПЛАНОТ: | Урбанистички проект за архитектонско- урбанистичка разработка на градежна парцела со намена В2.3 - Установа од секундарната здравствена заштита на КП1510 и КП1511, КО Струмица во Струмица |
| НАРАЧАТЕЛ: | ЈЗУ Општа болница- Струмица |
| МЕСТО: | КО Струмица, општина Струмица |

ПОДРАЧЈЕ НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ:
КП 1510 и КП1511, КО Струмица, општина Струмица

СОДРЖИНА НА ЦРТЕЖ:
УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Вектор 90 - Томе дооел
лиценца за изработка на урбанистички планови бр. 0033
ОВЛАСТЕН ПЛАНЕР:
**ВАСИЛ ТИМОВ д.и.а.**
Овластување бр. 0.0582

ПРЕСЕК 1-1- сервисна улица- дел од ул. "Младинска"
ПРЕСЕК 2-2- станбена улица- ул. "Панче Пешев"
ПРЕСЕК 3-3- интерна улица




| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| СОРАБОТНИК: | Верица Христова м.и.а. | ТЕХ. БРОЈ: 010-1802/2026 | РАЗМЕР: 1:1000 | Лист бр. 5 |
| МЕСТО И ДАТУМ: | Струмица; Март, 2026 | | | |

# ИДЕЈНИ ПРОЕКТИ

ВЕКТОР 90

дпги "ВЕКТОР 90" Томе дооел

2400 Струмица; ул. "Ленинова" бр. 12; тел./факс (034) 331-210; E-mail info@ vektor90.com.mk

A

# ИДЕЕН ПРОЕКТ

| | |
|---|---|
| НАЗИВ НА ГРАДБАТА | **Катна гаража** |
| МЕСТО | **КП 1510, КО Струмица, општина Струмица** |
| НАЗИВ ПРОЕКТОТ | **Идеен проект** |
| ВИД ПРОЕКТОТ | **Архитектонски проект** |
| ИНВЕСТИТОР | **ЈЗУ Општа болница- Струмица** |
| ТЕХ. БР. | **010.1-1802/2026** |
| МЕСТО И ДАТУМ | **Струмица, Март, 2026** |

ОВЛАСТЕН ПРОЕКТАНТ:
Васил Тимов дипл..инг.арх
Овластување бр. 1.2280

# СОДРЖИНА

| | | |
|---|---|---|
| | **Општ дел:** | |
| | | |
| | Документ за регистрирана дејност | |
| | Лиценца А за проектирање на градби од I категорија | |
| | Решение за одредување на одговорни проектанти | |
| | Овластување за проектирање | |
| | | |
| | **Текстуален дел:** | |
| | Проектна програма | |
| | Технички опис | |
| | | |
| | **Локациско-урбанистички дел:** | |
| 1. | Ситуација | 1:250 |
| | | |
| | **Проектен дел:** | |
| 2. | Основа на Приземје (±0.00) | 1:100 |
| 3. | Основа на Ниво +2.70 и +4.05 | 1:100 |
| 4. | Основа на Ниво +5.40 и +6.75 | 1:100 |
| 5. | Пресек 1-1 и Пресек 2-2 | 1:100 |
| 6. | Фасади | 1:200 |
| 7. | 3D приказ | |

# ОПШТ ДЕЛ

Број: 0809-50/150820260000075

Датум и време: 12.1.2026 г. 13:53

# ПОТВРДА

## за регистрирана дејност

| ТЕКОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ | |
|---|---|
| **ЕМБС:** | 4826728 |
| **Назив:** | Друштво за проектирање, градежништво, инженеринг и други деловни активности ВЕКТОР 90 Томе ДООЕЛ Струмица |
| **Седиште:** | ЛЕНИНОВА бр.12 СТРУМИЦА, СТРУМИЦА |

| ПОДАТОЦИ ЗА РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ | |
|---|---|
| **Предмет на работење:** | Регистрирана е општа клаузула за бизнис |
| **Приоритетна дејност/ главна приходна шифра:** | 71.110 - Архитектонски дејности |
| **Други дејности во внатрешниот промет:** | Нема |
| **Евидентирани дејности во надворешниот промет:** | Има |
| **Одобренија, дозволи, лиценци, согласности:** | |

**Правна поука:** Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

**Изготвил:** Мите Митевски

**Овластено лице:** Илија Патриков

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА СТРУМИЦА

Број: 0805-50/150820260000074

Датум и време: 12.1.2026 г. 13:51

# ТЕКОВНА СОСТОЈБА

| ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ | |
|---|---|
| **ЕМБС:** | 4826728 |
| **Целосен назив:** | Друштво за проектирање, градежништво, инженеринг и други деловни активности ВЕКТОР 90 Томе ДООЕЛ Струмица |
| **Седиште:** | ЛЕНИНОВА бр.12 СТРУМИЦА, СТРУМИЦА |
| **Вид на субјект на упис:** | ДООЕЛ |
| **Датум на основање:** | 4.4.1994 г. |
| **Деловен статус:** | Активен |
| ***Вид на сопственост:** | Приватна |
| **ЕДБ:** | 4027994111345 |
| **Големина на субјектот:** | мал |
| **Организационен облик:** | 05.4 - друштво со ограничена одговорност основано од едно лице |
| **Надлежен регистар:** | Трговски Регистар |

| ОСНОВНА ГЛАВНИНА | |
|---|---|
| **Паричен влог MKD:** | 0,00 |
| **Непаричен влог MKD:** | 1.238.100,00 |
| **Уплатен дел MKD:** | 1.238.100,00 |
| **Вкупно основна главнина MKD:** | 1.238.100,00 |

## СОПСТВЕНИЦИ

| | |
|---|---|
| **ЕМБГ/ЕМБС:** | 2509958460020 |
| **Име и презиме/Назив:** | ТОМЕ ТИМОВ |
| **Адреса:** | РИСТО ЌУРЧИЕВ бр.10/12 СТРУМИЦА, СТРУМИЦА |
| **Тип на сопственик:** | Основач/сопственик |
| **Паричен влог MKD:** | 0,00 |
| **Непаричен влог MKD:** | 1.238.100,00 |
| **Уплатен дел MKD:** | 1.238.100,00 |

| | |
|---|---|
| **Вкупен влог MKD:** | 1.238.100,00 |
| **Вид на одговорност:** | Не одговара |

| ДЕЈНОСТИ | |
|---|---|
| **Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:** | 71.110 - Архитектонски дејности |
| **ОПШТА КЛАУЗУЛА ЗА БИЗНИС** | |
| **Евидентирани се дејности во надворешниот промет** | |
| **Други дејности:** | . |
| **Одобренија, потврди, лиценци и др:** | |

## ОВЛАСТУВАЊА

### Овластени лица

| | |
|---|---|
| **ЕМБГ:** | 2509958460020 |
| **Име и презиме:** | ТОМЕ ТИМОВ |
| **Адреса:** | РИСТО ЌУРЧИЕВ бр.10/12 СТРУМИЦА, СТРУМИЦА |
| **Овластувања:** | Управител на друштвото со неограничени овластувања при застапувањето во внатрешниот и надворешниот трговски промет |
| **Овластено лице:** | Овластено лице |

| ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| **Дополнителни информации:** | Со Барање бр.48-10473/3 од 29.08.2016 год од Министерство за транспорт и врски Скопје Ве известуваме дека Решението бр.61-3611 од 13.05.2013 година за одземање на лиценца Ц за вршење на надзор над изведување на градби од трета категорија Н.025/Ц од 26.03.2009 година на правното лице Друштво за проектирање .градежништво, инженеринг и други деловни активности ВЕКТОР 90 Томе ДООЕЛ Струмица со ЕМБС:4826728 и седиште на Ул„Ленинова„ бр. 12 Струмица, донесено од страна на Министерството за транспорт и врски е правосилно на ден 25.12.2014 година.Рокот од една година од денот на правосилноста на решението за одземање на лиценцата во однос на правните последици е поминат. |
| **КОНТАКТ** | |
| **E-mail:** | info@vektor90.com.mk |

**Напомена:**
Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија

**Правна поука:** Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

**Изготвил:**

Мите Митевски

**Овластено лице:**

Илија Патриков

